**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403 – 135/13**

**Скопје, 20. 02. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката на Органот на општина Муртино за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Муртино за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Стојан Бансколиев, Градоначалник на општина Муртино, до 25.03.2005 година ;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 23.11. 2006 до 24.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 1404-135/6 од 06.02.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Органот на општина Муртино од овластеното лице за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.2.2. не се прифаќаат и наодот останува и во конечниот извештај и е наод 11.2.2..
- забелешките на наодот од точка 10.4.1. се прифаќаат од причина што при ревизијата не ни беа доставени документи за спроведена постапка за јавна набавка за изградба на улица “1“ и улица “2“ кои се доставени во прилог на забелешките.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1. Општина Муртино во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/105 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Муртино врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби во општина Муртино. Поради тоа искажаната состојба на 30.06.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на средствата.
**Препорака:**
Надлежните служби на општина Струмица на основа горенаведеното решение, да извршат евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Муртино како и од надлежното одделение на Републичката геодетска управа да обезбедат имотни листи за имотот кој од досегашната општина Муртино треба да помине во соспственост на општина Струмица.

**11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.2.1. Во Билансот на приходи и расходи за 2005 година, расходите на ставката Основни плати и надоместоци се искажани во поголем износ за 5 илјади денари поради исплатен надомест за присуство на седници на Советот на лице вработено во администрацијата на општина Муртино, кое е спротивно на Законот за локална самоуправа.

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што со новиот Закон за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа досегашната општина Муртино е населено место на општина Струмица.

11.2.2. Ревизијата не се увери во реалноста на направените трошоци во износ од 23 илјади денари и тоа:
- за направените трошоци по основ на набавка на ивичњаци во износ од 9 илјади денари на ставката Други материјали од причина што испратницата е со дата од 25.06.2001 а фактурата од 11.01.2005 година;
- за направените трошоци на ставката Купување на опрема во износ од 14 илјади денари по основ на набавка на правосмукалка за која испратницата е од 16.10.2001 година а фактурата е од 13.01.2005 година и за набавка на музички систем Самсунг за кој испратницата е од 12.07.2001 година а фактурата од 12.01.2005 година а во сите случаи се работи за набавена стока од Разнопромет – Бан.

Ваквиот начин на работење е спротивен на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за данокот на додадена вредност.

**11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Муртино со состојба на 30.06.2005 година не е извршен, иако е настаната статусна промена и субјектот е должен да изготви завршна сметка. Ова е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како причина се јавува не добро спроведената постапка на примопредавање помеѓу постојната општина и општината кон која се припојува. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 30.06.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и истото доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Потребно е со состојба на 31.12.2006 година да се изврши попис со опфат на целиот имот на општина Струмица со посебен акцент на наследениот имот од општина Муртино како и да се изврши инвентарисување на опремата.

11.3.2. Општината Муртино има и располага со материјални средства како што се улици, тротоари, водоводни мрежи и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во 2005 година по основ на изградба на улици во Банско улица 1 и улица 2 има плаќања по завршна ситуација на Мавровоинжинеринг која е на износ од 2.040 илјади денари кои воопшто не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно на одредбите и Законот за локална самоуправа Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата на материјалните средства и нивните извори во општината.

**Препорака:**

- Надлежното одделение на општина Струмица да преземе мерки и активности за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјалните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

11.3.3. Во Билансот на состојбата позицијата Добавувачи во земјата е помалку прикажана за износ од 30 илјади денари за делот на неплатената фактура од

Хидроинжинеринг за изработка на проект за реконструкција на водовод Банско кое е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова се должи на неевидентирањето на обврските во моментот на добивање на фактурата но нејзино евидентирање во моментот на плаќање на истата.

**Препорака:**

Надлежното одделение за сметководство на општина Струмица да го има во вид овој наод и при евидентирањето на неизмирените обврски преземени од досегашната општина Муртино да изврши усогалсување на доверителите.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1. ;11.2. и 11.3.. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Муртино на 30 јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Органот на општина Муртино остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за периодот до 30 јуни 2005 година.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА МУРТИНО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 1 | 342 |
| Трансфери и донации | 3.1 | 971 | 6,202 |
| **Вкупно приходи** | | **972** | **6,544** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 184 | 887 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 481 | 2,828 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **665** | **3,951** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 307 | 2,593 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **307** | **2,593** |
| **Вкупно расходи** | | **972** | **6,544** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **0** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МУРТИНО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 30.06.2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 179 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **179** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 7,724 | 7,724 |
| **Вкупно постојани средства** | | **7,724** | **7,724** |
| **Вкупна актива** | | **7,903** | **7,724** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 179 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **179** | **0** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 7,724 | 7,724 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **7,724** | **7,724** |
| **Вкупна пасива** | | **7,903** | **7,724** |
| | | 0 | 0 |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МУРТИНО**
**ПРЕГЛЕДНА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **8,373** | | **8,373** |
| **Зголемување по основ на:** | | | **-** |
| Набавки ( пренос од буџетот) | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **649** | | **649** |
| Амортизација | 649 | | 649 |
| **Состојба 30.06.2005 година** | **7,724** | | **7,724** |